**ЗАПИСНИК**
**од педесет и првата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 29.10.2020 година**

На педесет и првата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 16 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа:

**Сашо Поцков Градоначалник на општината, Д-р Сашко Олумчев раководител на Центарот за јавно здравје ПЕ Гевгелија, Д-р Патрик Мат вработен во Општа болница-Гевгелија,Митко Крџев директор на Општа болница-Гевгелија, Лилјана Кичукова вработена во општината, Станка Карајанова вработена во општината и Васка Илиева директор на ПЕ на Центарот за социјални работи.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори педесет и првата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од педесеттата седница одржана на **30.09.2020** година.

Претседателот го стави на гласање записникот од педесеттата седница и **Советот едногласно го усвои.**

За работа на педесет и првата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Заклучок за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година за периодот 01.01.2020г. – 30.09.2020год. (кумулативно),

2.Информација за превземените мерки од Општинскиот штаб за заштита и и справување со пандемијата од КОВИД-19 во општина Гевгелија,

3.Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година,

4.Предлог-Одлука за давање на управување и користење на изведена градба – Привремена санитарна депонија во с.Ново Конско – Општина Гевгелија со фотоволтаичен систем,

5.Предлог-Одлука за определување име на Младинскиот дом во с.Богородица-општина Гевгелија,

6.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистички проект за КП бр.676 КО Гевгелија (барател: Беби Весели од Гевгелија),

7.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Хума за КП бр.1136 КО Хума (барател: Зоран Ников од Гевгелија),

8.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Хума за КП бр.1110 КО Хума (барател: Нада Стојковска од Гевгелија),

9.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Ново Конско за КП бр.156/1 КО Ново Конско (барател: Димитар Стоилов од Гевгелија),

10.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистички проект за КП бр.352 и КП бр.369 КО Милетково (барател: Славчо Иванов од Миравци),

11.Информација за состојбата со изграденоста на архитектонските бариери за лицата со посебни потреби во општина Гевгелија,

12.Советнички прашања.

Дополнително е доставена точката:

- Предлог-Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца - Детска градинка "Ѕуница" – Гевгелија

**Тодор Ристов Претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред и предложи точката под реден број 13 да се разгледува како точка под реден број 12 и **Советот едногласно го усвои.**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои** и се премина кон расправа по точките.

**Ристо Камов член на Совет** даде предлог точките од реден број 6 до 11 да се разгледуваат заедно а да се гласат посебно и ако е можно распоредот на точките што се од општинската администрација да се групираат заедно за да не се задржуваат претставниците .

**Тодор Ристов Претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Ристо Камов , од реден број 6 до 11 да се разгледуваат заедно а да се гласат поединечно и Советот едногласно го усвои.

**Точка 1. Предлог-Заклучок за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година за периодот 01.01.2020г. – 30.09.2020год. (кумулативно)**

Претседателот отвори претрес по точките 1 и 3.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината, Марија Магдинчева Шопова,Ристо Камов,Тихомир Ручкоманов ,Магдалена Делковска членови на Совет и Сашо Поцков Градоначалник на општината .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година за периодот 01.01.2020г. – 30.09.2020год. (кумулативно) и **Советот со 12 гласа за и 4 гласа против го усвои .**

**Точка 3. Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година,**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 2. Информација за превземените мерки од Општинскиот штаб за заштита и справување со пандемијата од КОВИД-19 во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по точката, Информација за превземените мерки од Општинскиот штаб за заштита и и справување со пандемијата од КОВИД-19 во општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Д-р Сашко Олумчев раководител на Центарот за јавно здравје ПЕ Гевгелија ,Д-р Патрик Мат вработен во Општа болница-Гевгелија,Митко Крџев директор на Општа болница-Гевгелија ,Томе Кичуков,Лазар Мешков,Ристо Камов,Андон Сарамандов ,Виктор Кралев,Магдалена Делковска ,Перо Стојанов,Ристо Камов,Тодор Ристов членови на Совет ,Сашо Поцков Градоначалник на општината .**

**Д-р Сашко Олумчев раководител на Центарот за јавно здравје**

**Андон Сарамандов член на Совет-**во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе Предлог-Заклучок со кој се задолжуваат Градоначалникот и стручните служби во општината да испратат писмен допис до Центарот за јавно здравје–ПЕ Гевгелија со барање да се спроведе масовно тестирање на целокупното население од општина Гевгелија за присуство на корона–вирусот и тоа во најкус временски рок а финансиските средства да се обезбедат од Буџетот на РМ.

**Д-р Сашко Олумчев раководител на Центарот за јавно здравје**

-Јас го почитувам секое мислење но сакам да разјасниме некои работи за да не губиме време и да не одиме во погрешен правец .Што се однесува до тестирањето јас се изјаснив меѓутоа во моментот тоа што се бара се вика скрининг .Скрининг се прави кога бараме нешто што го нема или го има во мала количина.Сега кога би се правело масовно тестирање би биле едноставно фрлени пари затоа што ние веќе од далеку знаеме дали е позитивен или негативен

пациентот на КОВИД.Имаме фаза на епидемијата која имаме масовна распространетост на вирусот.Ако се потврдени триста или петстотини случаи ние сигурно имаме две или три илјади случаи .Меѓутоа не ни е битно ние да ги фатиме асимтоматските случаи ,тие ниту се заразни ниту можат да направат нешто во оваа зеедница нас ни се битни симтоматските случаи. А за тие симтоматски случаи ги потврдиме треба да помине време.Скрининг се правеше на почетокот во Март , Април месец сега сме во фаза на изразити симтоми кај заболените и ние веднаш ги ставаме на терапија и дијагностицираме и потоа со тестот само ги потврдуваме.Значи нас не ни е битно да ги откриваме тие случаи туку ни е битно контактите да седат дома да бидат општествено одговорни и тие што имат заболен можеби и недокажан сеуште да седат дома и да не ги ставаат другите граѓани во опасност.Ги почитувам сите мислења меѓутоа од стручен аспект во моментот тоа не е потрребно и мислам дека подобро е тие пари да се пренасочат во лекување затоа што сме веќе во фаза на лекување.Правевме скрининг и на градинките ,потрошивме 40 000 тестови а добивме неколку позитивни теста што е сериозен издаток и во моментот апсолутно не ни е потребно такво нешто туку се потребни средства кои ќе бидат наменети за лекување.Не гледам политика не сакам политика сега е моментот оваа година да бидеме сите заедно и мислам дека е најадекватно тие средства да бидат наменети за лекување.Од стручен аспект ако го почитувате ова е моето мислење,времето за скрининг сега помина не ни е потрбно .

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот поднесен од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Советот со 4 гласа за и 10 гласа воздржани не го усвои.

**Точка 4. Предлог-Одлука за давање на управување и користење на изведена градба – Привремена санитарна депонија во с.Ново Конско – Општина Гевгелија со фотоволтаичен систем.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за давање на управување и користење на изведена градба – Привремена санитарна депонија во с.Ново Конско – Општина Гевгелија со фотоволтаичен систем

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ристо Камов и Зоран Лазаровски членови на Совет и Сашо Поцков Градоначалник на општината .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање на управување и користење на изведена градба – Привремена санитарна депонија во с.Ново Конско – Општина Гевгелија со фотоволтаичен систем и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 5. Предлог-Одлука за определување име на Младинскиот дом во с.Богородица-општина Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за определување име на Младинскиот дом во с.Богородица-општина Гевгелија

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за определување име на Младинскиот дом во с.Богородица-општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 6. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистички проект за КП бр.676 КО Гевгелија (барател: Беби Весели од Гевгелија),**

Претседателот отвори претрес по точките 6,7,8,9 и 10.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Станка Карајанова вработена во општината, Ристо Камов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистички проект за КП бр.676 КО Гевгелија (барател: Беби Весели од Гевгелија) и **Советот со 11 гласа за и 4 не гласале ја усвои.**

**Точка 7. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Хума за КП бр.1136 КО Хума (барател: Зоран Ников од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Хума за КП бр.1136 КО Хума (барател: Зоран Ников од Гевгелија) и **Советот со 11 гласа за и 3 не гласале ја усвои.**

**Точка 8. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Хума за КП бр.1110 КО Хума (барател: Нада Стојковска од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Хума за КП бр.1110 КО Хума (барател: Нада Стојковска од Гевгелија) и **Советот со 11 гласа за и 3 не гласале ја усвои.**

**Точка 9. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Ново Конско за КП бр.156/1 КО Ново Конско (барател: Димитар Стоилов од Гевгелија),**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Ново Конско за КП бр.156/1 КО Ново Конско (барател: Димитар Стоилов од Гевгелија) и **Советот со 11 гласа за и 3 не гласале ја усвои.**

**Точка 10. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистички проект за КП бр.352 и КП бр.369 КО Милетково (барател: Славчо Иванов од Миравци)**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистички проект за КП бр.352 и КП бр.369 КО Милетково (барател: Славчо Иванов од Миравци) и **Советот со 11 гласа за и 3 не гласале ја усвои.**

**Точка 11. Информација за состојбата со изграденоста на архитектонските бариери за лицата со посебни потреби во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за состојбата со изграденоста на архитектонските бариери за лицата со посебни потреби во општина Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Васка Илиева директор на ПЕ на Центарот за социјални работи , Ристо Камов член на Совет.**

**Точка 12. Предлог-Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца - Детска градинка "Ѕуница" – Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца - Детска градинка "Ѕуница" – Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ристо Камов член на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца - Детска градинка "Ѕуница" – Гевгелија и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 13. Советнички прашања.**

**Тодор Ристов Претседател на Совет**-даде предлог поставувањето на прашања да биде со редослед, односно едно прашање да биде поставено од позицијата а другото од опозицијата и **Советот едногласно го усвои.**

**Ристо Камов член на Совет**

-Се работи за Конска брана ,имав сознанија дека основниот проект е неколкупати изменет дури и до тој степен да треба да се врши ревизија па конкретното прашање ми е дали овие сознанија се точни бидејќи вие како Градоначалник имате повеќе информации од мене па би сакала да ми одговорите ?

-Пред неколку недели имаше еколошки инцидент во југоистокот на една компанија на која езерото за флутација преку Злетовска река заврши во Вардар .Прашањето во врска со оваа еколошка катастрофа ми е дали ние како општина преку комуналното претпријатие имаме направено вонредни анализи на водата за пиење која се наоѓа во атарот на коритото на реката Вардар?

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**

-Околу Конска брана немам дополнителни информации и ќе ви одговорам дополнително во писмена форма

-Околу второто прашање за реката Вардар ,ЈПКД Комуналец на секој петнаесет дена врши анализа на водата и до сега не е алармирано од страна на директорот дека има појава на поголема количина на арсен или некои други тешки метали во водата но ќе го проверам и ова па ако има неправилности ќе се превземат соодветни мерки.

**Магдалена Делковска член на Совет**

-Кои се вашите планови и инфраструктурни зафати во индустријската зона-Прдејци имајќи во предвид дека со изградбата на оваа зона ќе се овозможат услови за влез на покрупни инвеститори во Гевгелискиот регион кои секако значат и отварање на поголем број на работни места кои и тоа како ни се потребни во моментот?

-Беше поведена постапка до вас од непознат подносител за судир на интереси во постапка за јавна набавка за доделување на договор за јавна набавка и услуги.Прашањето ми е до каде е со оваа постапка ?

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**

-Зоната во Прдејци е поврзана со судбината на сеуште незапочнатото користење на добиениот грант од КФВ банката . Кон крајот на 2017 е потпишан овој договор но се пролонгираше заради изборот на консултант кој конечно веќе е избран и на 15 –ти Ноември веќе ке имаме посета од страна на консултантот .Во план е распишување на тендери за поврзување на новиот резервоар со Мрзенци и Негорци и продолжувајќи кон Прдејци токму поминувајќи низ ТИРЗ зоната за да се создадат предуслови за обезбедување на вода а исто така се планира да биде изведена и канализација на тој потег па така ќе бидат создадени сите предуслови за да може да се стави оваа зона во функција.

-Околу второто прашање се работи за една пријава поднесена од Државната комисија за спречување на корупција до мене како Градоначалник и се работи заради сомнение по анонимна пријава за тендерот за осигурување.Пред три дена пристигна допис од Комисијата за спречување на корупција во која пријавата е отфрлена и начинот на која е изведена постапката во општината за јавна набавка е на законит начин.Тоа е објавено на веб страната на Општина Гевгелија и е испратено како демант до одредени дневни весници.

**Андон Сарамандов член на Совет**

-До каде е инвестицијата за изградба на ветерници во атарот на Миравци од страна на турска компанија и зошто не се реализираше до сега?

-Пред некој месец група на граѓани имаат поднесено иницијатива до Одделението за урбанизам за Блок 4 кај железничката станица за поставување на атмосферска канализација , па прашањето е дали се планира реализација и изградба на оваа атмосферска канализација.

-Дали се точни информациите дека е блокирана сметката на ФК Кожуф од страна на правно лице кои долги години добива тендери од Општина Гевгелија?

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**

**-**Точно е дека е блокирана сметката на ФК Кожув за невратена позајмица кон фирмата Еуро-Инг . ФК Кожуф е здружение на граѓани и оваа информација е од пред една недела и се работи за позајмица во вреднос од 500 000 денари.

-Околу првото прашање за ветерницити, во 2018 година носевме измена на Програмата за градежно земјиште каде што немавме ставка за утврдување на надомест за користење на јавна површина за изградба на ветерници.По појавувањето на таквата приватна иницијатива ние ги направивме сите измени и утврдивме цена за во случај ако некоја приватна фирма покаже интерес за изградба на ветерници да можеме да наплатиме надомест за користење.Според моите сознанија фирмата која покажа интерес има застој заради појавата на КОРОНА вирусот а исто така има застој во процедурата заради одредени

приговори од страна на еколошки друштва за заштита на животната средина бидејќи во тој предел околу Демир Капија имало ретки видови на птици но сепак овие проблеми се надминати и проектот е во завршна фаза.

-проектот за изградба на канализација во Блок 4 е еден од проектите кој го доставивме во КФВ банка и е планирано во тој потег изградба на атмосферска канализација.

**Виктор Кралев член на Совет**

-Се зборува за проект за пробивање на Јужниот булевар покрај Сува река. Дали со изградбата на Јужниот булевар се планира асфалтирање и сообраќајно поврзавуање на улицата каде што се фирмите Мала река,Близнак ком?

-Една сугестија ,се направи индустриската улица од булеварот до Шумско стопанство и тоа е одличен проект ,кај поранешна Електронка со асфалтирањето се направи еден заб и на паркингот на поранешна Електронка тешки товарни возила неможат да се паркираат па дали може да се направи интервенција и да се санира овој проблем.

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**

-Сугестијата ја прифаќам запознаен сум со овој проблем а во однос за првото прашање ,да така е планирано да се асфалтира и сообраќајно поврзе и таа улица.

**Зоран Лазаровски член на Совет**

-Дали е во план да се санира и асфалтира улицата која што се наоѓа на влезот во касарната бидејќи е премногу оштетена?

-Што направивме со зонското паркирање и одлуката за регулирање на дотур на стока ?

-Дали може да се обезбеди превоз на наставниците кои што работат во населените места ?

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**

-До сега поголем број на градежни активности се реализираа по населените места , во 2021 поголем приоритет ќе дадеме на градот и во програмата за реконструкција на улици ќе ја вметнеме и оваа улица за реализација.

-Не постои законска основа за исплата на средства за регулација на превозот на наставниците бидејќи се работи за блок дотации од Министерството за образование кои се испраќаат до општината и се распределуваат до образовните институции.

-Одлуката за дотур на стока ја одложивме за шест месеци и мислам дека уште малку ќе измине тој временски период и ќе стапи одлуката во сила.

**Перо Стојанов член на Совет**

-Повеќепати од ваша страна беше најавено обезбедување на ново противпожарно возило па ме интерсира до каде е постапката за набавка на тоа возило?

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**

-На последниот повик со соседна Грција Општина Гевгелија преку Југоисточен плански регион во партнерство со Општина Пеонија учествуваше со проект за набавка на две нови возила едно помало за општина Струмица и едно возило за општина Гевгелија .Проектот е добро квалификуван и е реалност за брз временски период да добиеме ново противпожарно возило.

**Марија Магдинчева Шопова член на Совет**

**-**Зошто не е доврешен патот до населено место Ума и кога се планира да се доврши?

-Како се планира да се реши проблемот со кучињата скитници?

-Дали се планира да се превземат активности за формирање на Совет за јавно здравје?

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**

**-**Околу патот за Ума аплициравме во Бирото за регионалн развој два пати и минатата година ни беше одбиен овој проект а ни беше одобрена прочестителната станица во Моин а оваа година заради КОРОНА кризата беа скратени финансиските средства од Бирото за регионалн развој.Токму поради овие причини планираме со наши средства  да ги асфалтираме преостанатите 800 метри од овој пат.

-Околу кучињата скитници првиот план беше во Гевгелија да се отвори стациоанар но поради несогласувања со жителите на Негорци и Прдејци оваа инцијатива се предаде на општина Валандово кои чекаат пренамена на земјоделско во градежно земјиште .За да не стои проблемот додека се средат работите со обезбедување на соодветна документација во општина Валандово ние со ЈПКД Комуналец оспособивме прифатилиште кој врши улуга на привремен стационар а исто така имаме ангажирано и фирма за заловување и вакцинирање на кучињата скитници.Ова е привремено и сметам дека целосно ќе се реши овој проблем кога ќе се отвори стационарот во Валандово.

-Околу формирање на Совет за јавно здравје ја прифаќам инцијативата и во наредниот период Советот ќе го формира овој Совет за јавно здравје..

**Елизабета Јаневска член на Совет**

-И покрај кризата во Гевгелија се започна со изградба на станбен објект кој ќе биде наменет за ранливите категории .Градоначалниче дали може да ни објасните за овој проект и кога ќе биде завршена оваа зграда?

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**

-Инвеститор на таа зграда е Јавното претпријатие за сопанисување со јавен простор,комуналите се платени на општината ,започнато е со инвестиција,треба да има педесет и два стана и рокот за изградба е до пролет 2021 година.Становите ќе бидат наменети за социјално ранливи категории но и за други категории на лица ,лица со посебни потреби и други категории кои имаат неопходна потреба.

**Александра Караманова член на Совет**

-Моето прашање е поврзано со неодамнешното пуштање во употреба на мониторинг станицата за квалитет на воздух и треба да бидеме горди што Гевгелија доби таков проект .Дали сметате дека со овој проект за следење на квалитетот на воздух на гевгеличани и жителите на околните населени места ќе влијае на свеста на граѓаните и ќе придонесе за намалување на загадувањето и дали општината има превземено некакви акции и активности против загадувачите ?

-Дали има одредени тешкотии во реализацијата на „online" наставата, дали наставниот кадар е комплетен и наставата се одвива без прекини и доколку продолжи растот на заболени во градот дали се размислува за „online" настава за сите ученици.

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**

-Мониторинг станицата е од големо значајне за општината,и јас сум изненаден од резултатите при секојдневното мерење на кавлитетот на воздух .Има една пракса кај нашите граѓани а тоа треба да се менува со тек на време.Ова е период на варење на ракија и правење на зимници и токму тоа придонесува да отскокнуваат тие параметри од нормалата.Преземени се дејствија ,нашите инспекциски служби се на терен за да ги утврдат причинителите на таквото загадување.

-Во однос на образовниот процес наставата тече неприкенато ,во постојани контакти сме со директорите на улилиштата .Во целина се е во ред ,одредени наставници користат сопствени електронски помагала,завршени се тендерите во општините за набавка на електронски помагала за наставниците.Од здравствен аспект немаме поголеми отстапки освен во градинката имаше затварање на една група од јасли заради тоа што една негователка беше позтивна на КОВИД 19 ,и од вчера има во карантин две негователки од градинката ,здравствени проблеми имаме поизразито во детските градинки отколку во основните училишта.Во Крсте Мисирков имаме 1 позитивен случај и 10 наставници во изолација меѓутоа наставата се одвива без никаков проблем.

**Игор Илков член на Совет**

-Откако беше затворена дивата депонија во населено место Негорци настана нов проблем,немајќи простор каде да се депонират некомуналните и градежни отпадоци многумина тој отпад го фрлат покрај патиштата и проникнуваат нови депонии.Прашањето е дали може да се изнајде некое решение, да се преземат мерки за спречување на таквата појава бидејќи сметам дека жителите на село Негорци не се запознаени дека можат да се јават во Комуналец во одреден временски период  и да се изврши подигање на таквиот отпад ?

-Веќе подолг период системот за наводнување во Негорци и Прдејци кој во моментот го има земено под концесија Водната заедница Напредок од Негорци не е во функција односно се доставува само вода во мал дел од системот.До кога земјоделците од населено место Негорци и Прдејци ќе бидат во неизвесност дали ќе можат да  си ги посеат нивите кои се под системот за наводнување , дали градоначалникот и општината се запознаени со овој проблем и дали ќе се превземат активности за решавање на овој проблем?

-Жителите на село Прдејци мака мачат кога поминуваат од еден од двата главни влеза во селото односно влезот кај индустриската зона .Патот е во лоша состојба и доста оштетен па прашањето е дали општината ќе ја санира оваа улица во скоро време?

-До каде е обештетувањето на земјоделците од општина Гевгелија за настанатите штети според одлуката што ја донесовме на седница на Совет ?

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**

-Сите елаборати се пратени од Совет на општината до Републичка комисја за штети а зошто не се исплатени досега немаме сознанија.Ние како општина ќе испратиме допис до Комисијата и ќе побараме одговор зошто досега не се исплатени штетите на граѓаните.

**-**Сметам дека жителите на Прдејци треба да бидат задоволни од тоа што е сработено во овие три години заради тоа што се изградени две нови улици .Од приоритетите на МЗ Прдејци голем дел од улиците кои беа барање на Месната заедница се асфалтирани а оваа улица не беше доставена од нивна страна како приоритет.

-Околу Вардарска долина концесионерот склучува договор со Министерството за земјоделие и не е надлежност на општината.Јас сум запознаен со сите проблеми меѓутоа дилемата е ако се одземе концесијата на овој концесионер дали има подготвена друга земјоделска задруга што ќе аплицира за добивање на концесија и обавување на таа дејност бидејќи ако се раскине договорот заради поплаките потребно е да има друга задруга што ќе отпочне со обавување на оваа дејност и да ги опслужува земјоделците.

-Точно е дека не се запознаени доволно луѓето за тоа дека од страна на Комуналец поминува возило да го собира тој отапад па ке апелираме до ЈПКД Комуналец да ги известат сите граѓани во населено место Негорци дали преку известување при достава на кориснички сметки или на некој друг начин.

**Лазар Мешков член на Совет**

-Дали жителите на општина Гевгелија во 2021 година можат да очекуваат субвенционирање од страна на општината на физички лица за купен велосипед и мапирање и изградба на велосипедски патеки**.**

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**

-Предлогот е интересен ,вреди да се размисли па во предвидување на Буџетот за 2021 можеме да планираме и таква ставка за субвенционирање на физички лица за купен  велосипед .

**Записничар,**
**Благој  Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**
**с.р.**